## Постапка за аплицирање

Апликација на грантот може да ја симнете од нашата веб страна: www.surplace- northmacedonia.de или на loch@wusgemany.de northmacedonia@wusgermany.de
**Ве молиме поднесете ја вашата апликација за Практикантска работа, на англиски или германски јазик, до 15 август 2022 година.**

- **Главниот формулар за апликација се состои од:**
  - o Формулар за апликација;
  - o Кратка биографија во следнава форма: https://europass.cedefop.europa.eu/en/documents/curricu lum-vitae;
  - o Копии од вашата Универзитетска или магистерска диплома и сертификати(најмалку универзитетска диплома);
  - o Валиден документ за запишани магистерски студии(доколку поседувате);
  - o Препорака од вашиот професор за стипендија / грант за практиканство;
  - o Копија од сертификатот за англиски јазик не постар од две години;
- **Апликација за грант за избор на кариера**

o Опис на вашата историја на апликации во вашата избрана кариера (Како и каде сте аплицирале досега? Дали веќе сте учествувале на обуки за апликација?) (макс. две страни)
Или

- **Апликација за бизнис Стартап**

o Напишете ја вашата бизнис идеа (макс. 2 страни)

- **Договор за практикантство**

===============================================

**Може да учествувате во нашите подготвителни обуки кои ќе се организираат во јуни 2022 година** во Скопје - Охрид - Битола - Штип - Тетово
Ве молиме вашата апликација за учество на обуки доставете ја на E-mail: loch@wusgemany.de **northmacedonia@wusgermany.de:**
o Кратка биографија, Копија од Уверение за положени испити и сертификати, потврда за редовен студент

## World University Service (WUS) Германија

**World University Service** (WUS) е меѓународна организација без политички или деноминациски определби. Организирана е во национални комитети во повеќе од 50 земји во светот. WUS се смета себеси за заедница на студенти, наставници и вработени во образовниот сектор.

Активностите на WUS Германија се особено фокусирани на:

1. Промоција на образованието за одржлив развој;
2. Меѓународна соработка во областа на образованието;
3. Поддршка на странски студенти и советување за реинтеграција;

**Контакт во Северна Македонија:**
Димитар Каљошевски
Проектен координатор
Тел:++389 072 227 940
E-mail: **northmacedonia@wusgermany.de**

**Канцеларија во Висбаден/Германија:**
World University Service Deutsches Komitee e.V.
**Petra Loch**
Goebenstraße 35
65195 Wiesbaden
Тел.: ++49 611 9446051
Факс: ++49 611 446489
E-mail: loch@wusgemany.de
Internet: www.wusgermany.de

**За повеќе информации, апликациски документи, важни датуми, понуди за работа и друго, посетете не на:**

Internet: www.surplace-northmacedonia.de

WUS
World University Service

# Започнување на вашата кариера,
# Стипендии, советување, пракси за студенти/дипломци од македонските државни универзитети

# Апликација за грант за Практикантска работа

**Краен рок за пријавување: 15 август 2022 година**

Проектот е финансиран од Државниот канцелар на покраината Северна Рајна-Вестфалија - Германија

Die Landesregierung Nordrhein-Westfalen

## Цел и имплементација

Целта на понудата на грантови за практиканти и стипендии за започнување бизнис на студенти во периодот на транзиција помеѓу студирање и работа е да се зајакне образовната елита во Северна Македонија и да се обезбеди нова генерација на добро обучени професионалци. Со оваа програма за стипендирање сакаме да им овозможиме на младите да ја развиваат професионалната иднина во својата матична земја.

Стипендијата е наменета за студенти на сите државни универзитети во Северна Македонија, кои се во завршна фаза од нивната магистерска програма (дипломирање во зимскиот семестар 2022/2023) или дипломираните во последните шест месеци кои бараат да ја започнат својата професионална кариера. На апликантите од домаќинствата со пониски приходи ќе им биде дадена предност.

**Доколку веќе имате пронајдено практикантска работа или ако барате соодветна пракса, можете да ни ја испратите вашата апликација.** Стажирањето треба да се одвива помеѓу октомври 2022 и март 2023 година и не би требало да трае подолго од три до шест месеци.

Покрај месечната стипендија од 250,00 евра (до шест месеци), на студентите или на младите професионалци им се нудат совети и коучинг за стратегии за аплицирање, влез во кариера, можности за стажирање и започнување бизнис.
Во текот на периодот на стипендирање со максимално времетраење од шест месеци, ќе ви бидат понудени или обуки за аплицирање за работа или коучинг за започнување бизнис, во зависност од видот на стипендијата за која сте избрани.
**Ве молиме имајте во предвид дека периодот на стажирање не треба да го надминува 31Март 2022**

## Барања што треба да ги исполните

**Вие сте државјанин на Република Северна Македонија**

- Да сте во последна фаза од вашите магистерски студии на државен универзитет;

  или

- Сте дипломирале не повеќе од 6 месеци пред да аплицирате и сега барате да ја започнете вашата професионална кариера;

## Имате идеја за почеток на бизнис

- **Сакате да започнете сопствен бизнис и веќе имате идјеа за бизнис модел?**

Потребни ви се само уште неколку месеци за да се подготвите и да ја претворите вашата деловна идеја во реалност
или

## Дали планирате да ја започнете вашата професионална кариера?

Стажирањето овозможува важно дополнително практично искуство на вашите академски студии. Покрај тоа, можете да остварите професионални контакти за време на вашата пракса кои се многу важни за вашата идна кариера.

**Ако одговарате на овој опис, ние ќе ве поддржиме со грант за практикантска работа и коучинг.**

## Она што го нудиме

**Нашата стипендија ги вклучува следните понуди:**

Месечна стипендија од 250 евра, за период од 3 до 6 месеци и учество во една од овие програми за обука:

**- семинар за време на периодот на стипендирање**
- o за професионална ориентација;
- o за подготовка на план за кариера;
- o обука за клучни вештини;

и

**- обука за апликации**
- o за пишување апликации за работа;
- o за интервјуа за работа;
- o за барање работа;

или

**- Тренинг за започнување бизнис**
- o Првична консултација;
- o Развој на патоказ за отпочнување на бизнис;
- o Дефиниција на цели;
- o Структурирање на проект;
- o Акциско планирање и пресметка;
- o Управување со кризи.

WUS World University Service

Contact: World University Service, Deutsches Komitee e.V. Goebenstraße 35, 65195 Wiesbaden, Germany - www.wusgermany.de - loch@wusgermany.de